Врз основа на член 52 став (1), (2) и (5) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Градоначалникот на Општина Новаци донесе:

О Д Л У К А

за избор на кандидат по пат на Интерен оглас број 01/2022 за пополнување на работно место со унапредување

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 04-25/14
20.01.2023 год
Новаци

1. За извршител на работно место УПР 01 01 В02 000 Виш соработник за рурален развој, земјоделие и регионална соработка, Одделение за комунални дејности, урбанизам и заштита на животна средина и ЛЕР - 1 извршител, се избира кандидатот:

- **ДИМЧЕ СТОЈАНОВСКИ**

2. Градоначалникот на општина Новаци во рок од пет дена по конечноста на Одлуката ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 30.12.2022 г. на веб страната на Општина Новаци и на Агенцијата за администрација, беше објавен Интерен оглас бр.01/2022 за унапредување на административен службеник во Општина Новаци, во кој беше објавено работно место УПР 01 01 В02 000 Виш соработник за рурален развој, земјоделие и регионална соработка, Одделение за комунални дејности, урбанизам и заштита на животна средина и ЛЕР -1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со Решение бр. 04-25/8 од 09.01.2023 година, спроведе административна селекција по интерниот оглас, за што изготви Записник заведен под бр.04-25/9 од 18.01.2023 година.

На ден 18.01.2023 година Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник спроведе интервју и состави Записник бр.04-25/10 од 18.01.2023 година и Финална ранг листа со интервјуираните кандидати со Предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

Врз основа на Записникот од финалната ранг листа на интервјуираните кандидати ,за работното место Виш соработник за рурален развој, земјоделие и регионална соработка, Одделение за комунални дејности, урбанизам и заштита на животна средина и ЛЕР, Градоначалникот на Општина Новаци донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против ова Одлука може да се поднесе жалба преку Агенцијата за Администрација до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работни односи во втор степен во рок од 8(осум) дена од денот на приемот на Одлуката.

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски